# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 31.10.2024 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 9 - Година 2024** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 30-та седница одржана на ден 31.10.2024 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за прифаќање на иницијатива за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 - Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија;

Бр. 09-1302/1 Општина Пехчево
31.10.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002, 202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за прифаќање на иницијатива за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 – Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на иницијатива за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 - Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, што советот на општина Пехчево го донесе на 30-та седница одржана на ден 31.10.2024 година.

Бр. 09-1302/2 Општина Пехчево
31.10.2024 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02, 202/24) и член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 31.10.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на иницијатива за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1– Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија;**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја прифаќа иницијативата за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 - Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија на КП 2408/2, 2411/1, 2411/2, 2411/3, 2412/2 и дел од КП 2408/1, 2409/1, 2410/1, 2426/1, 2426/2 и 4044 КО Пехчево.

Член 2

За отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 - Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија на наведените парцели во член 1, изработката на УП ќе ја финансира поднесувачот на иницијативата.

Член 3

Одлуката стапува на сила осум дена од донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1300/1 Совет на општина Пехчево
31.10.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

**1.** Одлука за прифаќање на иницијатива за донесување на урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена Г1 - Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија ________________________________ 2;